

# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН

















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ОПШТИНА КАРПОШ УЧЕСНИК НА NUTRICON 2017

**Н.Н: ,,Не постојат токсични супстанции, постојат само токсични концентрации“ - Парацелзиус**

Општина Карпош преку своето стручно лице м-р Ирена Калајџиева Милевска, традиционално по четврти пат учествуваше на меѓународната Конференцијата за контрола и безбедност на храна, здравје и нутриционизам NUTRICON 2017 што оваа година се одржа од 5-ти до 7-ми октомври во Скопје. На Конференцијата присуствуваа 200 научни работници и освен од Македонија свој придонес дадоа и претставници од Албанија, Романија, Русија, Турција, Босна и Херцеговина, Унгарија, Чешка, Република Словачка, Црна Гора, Косово, Белорусија, Естонија, Украина, Германија, Финска, Норвешка, Бугарија и Хрватска.

Научната средба која е акредитирана од Лекарската комора на Македонија, ја организираше Консалтинг и тренинг центарот ,,Клуч“, кои пак, се регионални претставници на Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн (EHEDG) за нашата земја. Заради големиот интерес на стручните говорници од целиот свет, настанот се одвиваше три дена, поделен во неколку сесии во зависност од тематските целини. Во делот за излагање на научни и стручни трудови, беа презентирани теми од областа на безбедноста на храната, нутриционизмот, здравстото, стоматологијата, технолошко-машински обработки на храна и инженеринг.





Како и секоја година така и оваа, главениот акцент падна на усогласување на регулативите на едно рамниште за кои се заложува Иницијативата за глобална хармонизација (GHI) – невладина организација која работи исклучително на подготовка и усогласување на нормативите за храна на светско ниво. Фокусот на годинешната Конференција беше насочен кон влијанието на интернет порталите и нивните написи врз читателите од нерелевантни извори за исцелување, насоки и ставови за здравјето на луѓето и исхраната, кои половично или целосно даваат погрешни информации на читателите. Како што беше посочено од еден од говорниците, во денешно време секој е стручен за сешто а всушност не е стручен за ништо. Како порака од тој дел на сесијата се дадоа насоки каде, како и кога да се делува или говори за овие сериозни теми. Посочување на релевантен извор е еден од клучните елемент за претставување на веродостојна информација, во спротивно никој не би бил научник, не би се надградувал и учел и едноставно би губел драгоцено време на интернет. Од тука, максимата на Парацелзиус : ,,Не постојат токсични супстанции, постојат само токсични концентрации" која беше дел од презентацијата на Проф. Д-р Владимир Какуринов – претседател на Регионалната секција на EHEDG за Македонија, со една реченица објаснува сé за што се губи драгоцено време во објаснување на вечната дилема за здрава и штетна храна.

Сите научни трудови во пишана форма се преточени во Книга на апстракти, кои ги добија сите учесници а чиј член е и М-р Ирена Калајџиева Милевска како дел од организациското комитет на NUTRICON.



# МАТИЛДА БАЈКОВА ОД КАРПОШ- НАЈПРОФЕСОР ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017

ПоповодМеѓународниотденнаучителотна05.10.2017годинаодделенската професорка по македонски јазик и литература Матилда Бајкова која предава во три училишта во Општина Карпош доби признание „ Просветен работник на годината за постигнати врвни резултати во остварувањето на целите и задачите на воспитно- образованата дејност за учебната 2016/2017 ".Сојузот на просветни работници од Македонија и го додели ова признание на карпошовата професорка за особен придонес во просветно- образованиот процес. Матилда Бајкова , 47 години живее во Општина Карпош и е специјалист за работа со деца со посебни образовни потреби. Исто така, професорката Бајкова е соработник во многу научни трудови, учествувала на меѓународни симпозиуми од сферата на образованието и информатичката технологија во образованието. Професорката Матилда Бојкова предава во ООУ „ Јан Амос Коменски„ , во ООУ „ Аврам Писевски" , и во ООУ „ Вера Циривири Трена". Признанието е доделено во Ликовниот салон „Бели мугри" во Велес.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКИНЗИ ВО КАРПОШ 4

Општина Карпош продолжува со инфраструктурни работи на своја територија. За таа цел паркинзите на улиците „Волградска“ и „Желево“ се подготвуваат за асфалтирање кое ќе се изврши во текот на оваа недела.






# КОМПЛЕТНО РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА ФРАНЦЕ ПРЕШЕРН ВО НАСЕЛБАТА ВЛАЕ

Општина Карпош денеска го реконструираше и последниот дел од главната улица Франце Прешерн во урбаната заедница Влае 1 во должина од 700 метри. Изминатиов период Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи од Општина Карпош, ги асфалтираше сите 15 краци од оваа улица во должина од 2.518 метри. Изведувач на градежните работи е фирмата „Ескаватори“, а за овој капитален инфраструктурен зафат, локалната самоуправа од својот буџет издвои 8.391.103 денари.





# ЕСЕНСКО ОСВЕЖУВАЊЕ

Одделението за екологија и енергетска ефикасност од Општина Карпош, денеска спроведе редовна хортикултурна акција, за обнова на цветниот расад на плоштадот „Делфина“ во Влае каде се насадија 4.500 украсни цветни насади од типот љубичица - Виола Триколор.





# НОВ АСФАЛТ ЗА УЛИЦАТА ЈУРИЈ ГАГАРИН ВО КОЗЛЕ

Општина Карпош продолжи со редовните градежни активности на своја територија. Во таа насока, денеска започнаа работите со гребење на асфалтната површина на улицата Јуриј Гагарин која се наоѓа во урбаната заедница Пецо Божиновски-Кочо, во населбата Козле. Ќе се реконструираат коловозот и тротоарите на улицата во должина од 575 метри, а изведувач на инфраструктурниот зафат е фирмата „Ескаватори". За оваа намена, локалната самоуправа од својот буџет издвои 6.540.000 денари.





# ООУ „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ НА РАКОМЕТНИОТ ТРОН

Основците од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ се победници на првиот училишен Куп во ракомет на Општина Карпош, откако денеска во финалето ги совладаа своите ривали од ООУ „Петар Поп Арсов“ со резултат 20:18. Првото полувреме помина во голема неизвесност, а минималната резултатска предност постојано преоѓаше од една на друга екипа. На пауза, учениците од „Христијан Тодоровски Карпош“ заминаа со минимална предност од 11:10. Кон средината од второто полувреме ракометарите од Карпош 1 ја зајакнаа одбраната, беа поконцентрирани во нападот и успеаја да создадат комотна разлика, која им го отвори патот до победата.

Во борбата за третата позиција, ракометарите од ООУ „Лазо Трповски“ беа убедливи против своите соперници од ООУ „Аврам Писевски“, совладувајќи ги со резултат 15:10. На крајот, претставник од одделението за култура и спорт од Општина Карпош им го врачи победничкиот пехар на најдобро пласираната екипа, а на учесниците на финалните натпревари им додели дипломи за учество.





# ОБНОВЕНО ЗАБАВНОТО ДЕТСКО КАТЧЕ ВО КАРПОШ 2

Општина Карпош денеска изврши целосна реконструкција на детското игралиште кое се наоѓа во населбата Карпош 2. За таа цел, се постави нова заштитна ограда, нови клупи и корпи за отпадоци, а согласно стандардите за безбедност се монтираа и нови дрвени детски реквизити. Локалната самоуправа го реновираше ова игралиште, каде младите карпошани ќе се рекреираат, ќе другаруваат и ќе ги поминуваат своите безгрижни детски денови.





# КОШАРКАРСКИ УЧИЛИШЕН КУП НА ОПШТИНА КАРПОШ

Денеска се одигра разигрувањето по групи од училишниот Куп во кошарка каде што се натпреваруваат учениците од сите десет основни училишта на територија на општината.

Постигнати се следниве резултати: ООУ„Јан Амос Коменски" против ООУ„Вера Циривири Трена" со резултат 36: 16, ООУ„Димо Хаџи Димов" против ООУ„Лазо Трповски" со резултат 54:15, ООУ„Христијан Тодоровски Карпош" против ООУ„Аврам Писевски" со резултат 54:14 , ООУ„Петар Поп Арсов" против ООУ„Владо Тасевски" со резултат 40:23, и ООУ„Војдан Чернодрински " против ООУ„Братство " со резултат 30:28.

Полуфиналните натпревари ќе се одиграат во среда на 18.10.2017 во спортската сала на основното училиште „Војдан Чернодрински"со следниов распоред: во 12 часот - ООУ„Јан Амос Коменски" против ООУ„Петар Поп Арсов" и во 12.40 часот ООУ„Димо Хаџи Димов" против ООУ„Војдан Чернодрински ", екипата на ООУ„Христијан Тодоровски Карпош" својот противник за влез во финалето ќе го добие по спроведената жрепка.





# ПОДГОТОВКА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. КОЗЛЕ 3 ВО УЗ НЕРЕЗИ



